# Додаток XII.1

# СПРЕЧУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ И ИТНО РЕАГИРАЊЕ

**Весна-САП, Подружница Пробиштип**

**Барање за дозвола за усогласување**

**со оперативен план**

Додаток XII.1

# СПРЕЧУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ И ИТНО РЕАГИРАЊЕ

## СОДРЖИНА


1. Обем ..... 3
2. Вовед ..... 4
3. Складирање на и ракување со суровините, производите и отпадот ..... 4
4. Заштита од пожар ..... 5

## 1. Обем

Весна-САП ДОО, Скопје, подружница Пробиштип, поднесува барање за дозвола за усогласување со оперативен план до Министерството за животна средина и просторно планирање и според содржината на формуларот на барањето треба да достави информации за планираните превентивни мерки како што се спречување на несреќи и реагирање во итни случаи.

Информациите во овој извештај се уредени така да ги задоволат барањата на Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со процесот на поднесување барање за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, односно барање за дозвола за усогласување со оперативен план.

## 2. Вовед

Спречување на загадувањето во сите фази на производниот процес е приоритетна цел во заштитата на животната средина во Весна-САП ДОО. Меѓутоа, во дополнение, се планираат и спроведуваат мерки за спречување на инциденти, како и за минимизирање на последиците од нив доколку тие сепак се случат.

Најголем дел од мерките за спречување на инциденти се веќе наведени во претходните поглавја, па затоа овде само ќе се посочи поглавјето во кое конкретната мерка е опишана.

## 3. Складирање на и ракување со суровините, производите и отпадот

Како што е наведено во додатокот VI.1.2, основните потенцијални (и инцидентни) емисии се:

- Хаварија на резервоарите за пропан-бутан
- Протекување на резервоарот за мазут
- Протекување на резервоарите за сулфурна киселина

Деталите за складирањето на материјалите и мерките за спречување на инцидентни емисии се дадени во Додатокот V како што е контролата на резервоарите за пропан-бутан и кислород од страна на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Во додатокот V се наведени и мерките за спречување или намалување на последиците како што се изведба на сите цевководи над земја, поставување  на резервоарите за гориво и киселина во танк вани (чија состојба не е сосема задоволителна), влевање на сите евентуални истекувања на кисели раствори во канали со киселоотпорна заштита.

## 4. Заштита од пожар

Со оглед на присуството на опасни супстанции во инсталацијата, евентуален пожар би можел да предизвика значителни емисии со негативни ефекти врз животната средина

Во Весна-САП ДОО е подготвен план за заштита од пожар, а врз основа на него е направен и оперативен план. Овие документи главно ги задоволуваат законските обврски, но за потребите на ИСКЗ оперативниот план треба да се доработи со детали за известување дење и ноќе, обука на вработените и сл. Планот за заштита од пожар и оперативниот план се дадени во прилог на овој додаток.